ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

За потребите на проектот „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување“, Центарот за управување со промени - ЦУП испраќа:

**ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ БР.0804-06/2017**
**за набавка на услуги за дизајн, подготовка и печатење на промотивен материјал**

1. Центарот за управување со промени - ЦУП во рамките на проектот „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредности на добро управување“, има потреба од набавка на услуги за дизајн, подготовка и печатење на промотивен материјал.

Подетален опис на бараните услуги се наоѓа во тендерската документација - прилог на овој повик.

2. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
Потребно е да се испорачаат услугите во период од денот на склучување на Договорот до крајот на декември 2018 година, согласно динамиката на проектните активности.

3. Ве охрабруваме да ни доставите Ваша понуда по објавениот повик. Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- ДРД образец
- Листа на референци
- Два примероци од сличен изработен промотивен материјал
- Техничка и финансиска понуда

4. Изборот на добавувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда, односно за критериумот квалитет ќе бидат доделени 60 бода, а за критериумот цена 40 бода. Во процесот на евалуација ќе се примени двостепена процедура, односно првенстевено се врши оценка на квалитетот, а потоа и на цената. Финансиските понуди се отвораат и оценуваат само ако понудувачите освојат минимум 31 бод од предвидените (максимални) 60 бода за квалитет. Ќе се избере понудувачот кој ќе добие вкупно најмногу бода (квалитет + цена).

5. Услови и начин на плаќање

Плаќање: по завршување на поединечна услуга, односно по доставена фактура за извршената услуга.

6. Набавката е неделива.

7. Начин на доставување на понудите

Понудата се доставува во писмена форма, потпишана и заверена од понудувачот. Во понудата потребно е финансиската понуда да биде издвоена во посебен плик и да биде означена. Понудата се доставува во еден затворен плик (во кој ќе биде содржана издвоената финансиска понуда) на кој во долниот лев агол треба да стои ознаката „НЕ ОТВОРАЈ“ и бројот на повикот 0804-06/2017 на кој се однесува понудата. Понудата се доставува во просториите на Центар за управување со промени, Рајко Жинзифов бр.44/1 Скопје. Пликот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот – понудувачот.

8. Краен рок на доставување на понудите е **23.08.2017 година, 16:00 часот**.

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

9. Сите барања за дополнителни појаснувања може да се испратат на адресата на е-пошта на ЦУП, info@cup.org.mk, најдоцна до 21.08.2017 година.

10. Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.